**Вонредните парламентарни избори** кои треба да се одржат во април 2020 година беа причина Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) да ги проверат **ставовите на граѓаните за актуелните политички случувања во земјата.**
Денес ги објавуваме податоците од третиот дел на истражувањето кои се однесуваат на **довербата на граѓаните во политичарите и партиите, односно нивниот рејтинг**.




**Најголем број испитаници (41,3%) рекле дека немаат доверба во ниту еден политичар**, а 8,5% одби-ле да одговорат на ова прашање или одговориле со „не знам“, со што **речиси половина (49,8%) од граѓаните искажуваат целосна недоверба кон актуелната политичка елита.** Другата половина од граѓаните, **најголема доверба има во Зоран Заев (16,5%) и Христијан Мицкоски (14,2%).**

По нив сле-дуваат, лидерот на ДУИ, Али Ахмети со 6,9% и претседателот на државата **Стево Пендаровски со 4,2%.**

Речиси и да нема разлика помеѓу рејтингот на двете најголеми политички партии во државата, односно таа е во маргините на статистичката грешка. **Актуелната партија на власт, СДСМ (22,1%) има благо водство пред опозициската ВМРО-ДПМНЕ (20,4%).** Рејтингот на ДУИ 6,6%.

**Мнозинство од испитаниците (64,5%) одговориле дека сегашната Влада не ги исполнила нивните очекувања (воопшто 44,2% и делумно 20,3%).** И покрај тоа, 58,7% од испитаниците сметаат дека опозициската партија не заслужува да биде избрана на следните парламентарни избори. Сепак, мнозинството испитаници (59,1%) одговориле дека сакаат да излезат на гласање.




Истражувањето „ Гласачки ставови и перцепции за актуелни политички случувања “ е составено од три дела: Моментални политички случувања во државата, Ставови во однос на изборниот процес и Доверба во политичарите и политичките партии. Податоците за последната анкета беа прибирани со теренска анкета во периодот од 15 ноември до 1 декември 2019 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници.

Податоците за оваа анкета беа прибирани со теренска анкета, во периодот од 15 ноември до 1 декември 2019 година, на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници, а ја спроведе агенцијата М-проспект.